**Општина Шуто Оризари-KomunaRepublika onise Orizari-KomunaShutoOrizari**

**Република Северна Македонија-Republika Utarali Makedonija-Republika e MaqedonisësëVeriut**

Бр- No-Nr. 10-352/11

26.09 2023 год- berš-viti

**До**

**Надлежни институции и други заинтересерани учесници согласно член 27 став (5) и член 50 став (2) и став (3) од Законот за урбанистичко планирање ( Сл.весник на РСМ 32/20 и 111/23)**

**Предмет:**Известување за оддржување јавна анкета и јавна презентација за Нацрт на предлог Детален урбанистички план за Градска четврт С.06 за блокови 02,03,04,05,06,07,09,10,11,12,13 и 14 КО Горно и Долно Оризари во општина Шуто Оризари-Скопје.

Почитувани,

Согласно член 27 став (5) и член 50 став (2) и став (3) од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ 32/20 и 111/23), Ве известуваме за оддржување на Јавна анкета и Јавна презентација на предлог Нацрт план на Детален урбанистички план за Градска четврт С.06 за блоковите 02,03,04,05,06,07,09,10,11,12,13 и 14 КО Горно и Долно Оризари во Општина Шуто Оризари.

Опфатот е со површина од 104,20 ха, дефинирана по границата на Градска четврт до регулацијата од ГУП на Град Скопје .

Јавната анкета и јавната презентација на предлог Нацрт на деталниот урбанистички план, ќе се спроведе со излагање на истиот во просториите на административната зграда на Општина Шуто Оризари и електронски преку информацискиот систем е-урбанизам со број на постапка 39700 и преку веб страната на општината www.sutoorizari.gov.mk.

Јавната анкета ќе започне после петнаесет дена од денот на објавувањето на јавниот повик и ќе трае 30 (триесет) календарски денови секој работен ден од 8-16 часот, почнувајки од 12.10.2023 година , заклучно со 10.11.2023 година и истата истовремено ќе се спроведува во хартиена и во електронска форма.

Јавната презентација со стручно презентирање на планот, ќе се оддржи на ден 31.10.2023 година во просториите на административната општинска зграда со почеток во 9 часот.

Во споменатиот рок , можете да доставите писмени забелешки, предлози и мислења во анкетните листови кои ќе бидат достапни во хартиена форма или во електронска форма кои ќе бидат достапни на информацискиот систем е-урбанизам со број на постапка 39700 и на веб страната на Општина Шуто Оризари www.sutoorizari.gov.mk

Општина Шуто Оризари

Градоначалник

Курто Дудуш

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA MAKEDONIJA - ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ - KOMUNA SUTO ORIZARI - ГРАДОНАЧАЛНИК - DIZJAKORO SERUNO - СКОПЈЕ-SKOPJE